**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.28-3/3323-6 од 06.08.2025 година**
**СКОПЈЕ**

# З А П И С Н И К

За увид на лице место и утврдување на степенот на уреденост на градежно земјиште

Согласно член 94 и 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Република Македонија бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19), Комисија за утврдување на степен на уреденост на градежно земјиште во состав од :

1. м-р Благица Јованова - дипломиран геодетски инженер
2. м-р Ана Накева - дипломиран геодетски инжинер
3. Александар Арсевски – геодетски техничар

на ден 06.08.2025 година изврши увид на лице место со цел да се утврди степен на уреденост на градежно земјиште кое претставува Г.П бр.5.38 која е составена од КП 2142/61 КО Маџари.

По извршениот увид на лице место, констатирана е следната констатација:



сл.бр.1

Г.П.5.38 претставува градежно неизградено земјиште (сл1.) составена од КП 2142/61 КО Маџари, на која согласно Извод од план број 519/2025 за Детален урбанистички план Маџари- Хиподром, Општина Гази Баба (Одлука на Совет бр.07-293/3 од 29.01.2008 год.) предвидена е изградба на објект со намена А1- домување во станбени куќи-А1.

По извршениот увид на лице место заради утврдување на степен на уреденост на градежно земјиште, согласно член 94 и 95 од Законот за градежно земјиште и согласно член 2 од Правилникот за степен на уредувњето на градежното земјиште со објекти од комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.Весник на Република Македонија бр.193/2016 и 72/18), Комисијата го утврди следното:

На лице место постои непречен пристап од категоризирани јавни патишта кој согласно ДУП Маџари- Хиподром, Општина Гази Баба претставува дел од Ул.5 (сл.1) постои видлива електро енергетска мрежа, водоводна мрежа и канализациона мрежа.

- **Степенот на уреденост** на градежното земјиште означено како ГП бр. 5.38 од Детален урбанистички план Маџари- Хиподром, Општина Гази Баба (Одлука на Совет бр.07-293/3 од 29.01.2008 год.) **е со висок степен на уреденост на градежното земјиште**.

**Членови на комисија:**

**Благица Јованова**

________________

**Ана Накева**

________________

**Александар Арсевски**

________________